Зузана Тополињска
Истражувачки центар за ареална лингвистика
при МАНУ, Скопје, Македонија
zuzana@manu.edu.mk

# ДОДАТОК
# ГЛАГОЛСКИ ПАРАДИГМИ ВО ПОЛСКИОТ ЈАЗИК

## (1) Инвентар на морфолошки форми од кои се градат финитни конструкции

А. Основа$_1$:

praesens imperfectivum (т.е. од несвршени глаголи)
praesens perfectivum (т.е. од свршени глаголи)
participium praesentis activi (се деривира само од несвршени глаголи):
adiectivum
adverbium
imperativus

Б. Основа$_2$:

praeteritum = participium praeteriti activi secundum (т.е. *л*-форма) + клитички форми на praesens imperfectivum од помошниот глагол **byti*
infinitivus
participium praeteriti passivi:
adiectivum (долга форма; во принцип се деривира само од преодни глаголи)
петрифицирана стара кратка форма neutrius

В. *by* – адвербална партикула (= петрифицирана форма на стар оптатив од глаголот **byti*

## (2) Инвентар на функционални граматички категории

НАЧИН: INDICATIVUS (tryb oznajmujący):

praesens ipf. (czas teraźniejszy)

praeteritum (czas przeszły) (наставките се подвижни: *wczoraj byłem* ~ *wczorajem był*... и сл.)

futurum (czas przyszły):

од несвршени глаголи: praesens pf. од **byti* + infinitivus
+ *л*-форма

од свршени глаголи: praesens pf.

CONDITIONALIS (tryb przypuszczający, т.е. presumptivus):

potentialis (realis): *л*-форма + *by* + наставки praeteriti (составот: *by* + наставка е подвижен: *przyszedłbym jutro* ~ *jutro bym przyszedł*... и сл.)

irrealis: *л*-форма од **byti* + *by* + наставки praeteriti (оваа конструкција се повлекува и е заменувана од potentialis)

IMPERATIVUS

ДИЈАТЕЗА - постојат два модела, и двата деривирани со значајни лексикални ограничувања:

praesens ipf. од **byti* + participium praet. pass. за не-минато дејство: *jest pisany*...

praeteritum од *zostać* за минато дејство: *został napisany*...